**Финансиско друштво ЕУРО МК**
**ДОО Скопје**

# О Д Л У К А
## За висината на каматните стапки и надоместоци на ново одобрени кредити на физички и правни лица на Финансиското друштво ЕУРО МК ДОО Скопје

**и**

## Тарифник

**( пречистен текст)**

**Содржина:**


**1.** Општи одредби 2

**2.** Активни каматни стапки Каматни стапки на кредити

**2.1.** Каматни стапки на кредити на физички лица 3

**2.2.** Каматни стапки на кредити на правни лица 5

**3.** Интеркаларна**,** Казнена и Договорна казнена камата 6

**4.** Начин на пресметување и плаќање на каматите 6

**5.** Надоместоци во работење со кредити 7

**6.** Преодни и завршни одредби 10

## 1. *Општи одредби*

ФД ЕУРО МК ДОО Скопје согласно законските прописи, како и деловната политика, ја донесе оваа Одлука со која се менуваат параметрите на кредитните продукти за физички и правни лица, согласно висината на референтната стапка со важност во период од 01.07.2023 година со која се утврдуваат каматните стапки по сите видови на пласмани и извори на средства со кои работи финансиското друштво.

Утврдувањето на каматните стапки претставува битен фактор за анализа на финансиските резултати односно за односот помеѓу активата и пасивата.

Висината на каматните стапки се одредува и зависи од:

- очекуваната општа профитна стапка во стопанството
- од понудата и побарувачката на пазарот на капиталот
- кредитниот ризик и ризикот на каматните стапки
- општите услови на пазарот
- степенот на стопанската стабилност
- мерките што ги превзема економската политика
- деловната политика на Финансиското друштво
- позитивните законски прописи
- и др.

## 2. *АКТИВНИ КАМАТНИ СТАПКИ Каматни стапки на кредити*

### *1.1. Каматни стапки на кредити на физички лица*

| | | *каматна стапка* | *манипул. трош.* |
|---|---|---|---|
| **2.1.1.** | Кредит со залог девизи евра со рок на отплата до **36** месеци и изн до **300.000,00** денари | 14 **%** | **1%** |
| | Кредит со залог на девизи евра со рок на отплата над **36** месеци и износ до **1.000.000,00** денари | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.2.** | Пакет за студенти со рок на отплата до **48** месеци со кокредитобарател | 14 **%** | **1%** |
| | Пакет за студенти со рок на отплата до **48** месеци со **1** жирант | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.3.** | Ненаменски со жиранти и меница до **200.000,00** денари | 14 **%** | **1%** |
| | Ненаменски со жиранти и меница над **200.000,00** денари | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.4.** | Кредит за реновирање на ст. дел. простор над **48** месеци | 14 **%** | **1%** |
| | Кредит за реновирање на ст. дел. простор до **48** месеци | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.5.** | Кредит за пензионери со рок на отплата до **36** месеци | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.6.** | Кредит со хипотека со рок на отплата до **15** години | 9 **%** | **1%** |
| **2.1.7.** | Земјоделски кредит со рок на отплата до **24** месеци | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.8.** | Револвинг кредит | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.9.** | Кредит со залог злато со рок на отплата до **36** месеци | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.10**.. | Кредит за одмор со рок на отплата до 48 месеци | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.1**1 | Кредит со залог возило | 14 **%** | **1%** |
| **2.1.**12**.** | Кредит со залог злато со рок на отплата до **36** месеци | 14 **%** | **1%** |
| 2.1.13 | ФЛ Немаменски потрошувачки долгорочен кредит | 14 **%** | 1% |
| 2.1.14 | ФЛ Ненаменски потрошувачки краткорочен кредит | 14 **%** | 1% |
| 2.1.15 | МЕД КРЕДИТ онлине | | 40% |

### *2.2.Каматни стапки на кредити за правни лица*

| | | |
|---|---|---|
| **2.2.1.** | Ненаменски кредит до **60** рати со меница | 16 **%** |
| | Ненаменски кредит до **60** рати со задолжница | 16 **%** |
| | Ненаменски кредит до **60** рати со залог**,** хипотека | 16 **%** |
| **2.2.2.** | Кредит за основни и обртни средства со рок на отплата до **10** години со меница | 16 **%** |

| | | |
|---|---|---|
| | Кредит за основни и обртни средства со рок на отплата до **10** години со задолжница | 16 **%** |
| | Кредит за основни и обртни средства со рок на отплата до **10** години со хипотека, залог | 16 **%** |
| **2.2.3.** | Кредит за ликвидност со задолжница | 16 **%** |
| | Кредит за ликвидност со меница | 16 **%** |
| | Кредит за ликвидност со хипотека, залог | 16 **%** |
| **2.2.4.** | Рамковен – револвинг кредит со меница и жиранти | 16 **%** |
| | Рамковен – револвинг кредит со хипотека, залог | 16 **%** |

### *3.1. Законска казнена камата*

ФД ЕУРО МК за сите достасани, а ненаплатени побарувања пресметува и законска казнена камата, согласно позитивните законски прописи. Стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народна Банка на Република Македонија (референтна стапка) што важела последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени во трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право.

### *3.2. Договорна камата*

Стапката на договорната камата во трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно но не повисока од стапката на законската казнена камата, зголемена најмногу за **50%**. Стапката на договорна камата во договорите помеѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучување на договорот, односно од денот на промена на каматната стапка, ако каматната стапка е променлива.

Договорната каматна стапка во моментот на потпишување на договорот изнесува 14 % како договорна каматна стапка, односно 8 процентни поени над референтната каматна стапка од Народна банка на СРМ согласно интерните акти на ФД и Законот за облигациони односи за висина на договорната каматна стапка .

## *4. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА КАМАТИТЕ*

Каматата како пресметковна категорија може да се пресметува на антиципативен и декурзивен начин.

Пресметувањето на каматата е антиципативно кога каматата се пресметува на почетокот на секој период.

Пресметувањето на каматата е декурзивно кога таа се пресметува на крајот на секој период и се додава на основната сума.

Каматата во ФД ЕУРО МК генерално се пресметува по конформна метода и по пропорционална метода.

Конформната (еквивалентна) стапка за пресметка на каматата се базира на дневна основа и се добива кога дневната камата се множи со бројот на денови во месецот.

Примената на оваа стапка при испод годишното вкаматување ни овозможува да добиеме иста вкаматена вредност како и при годишно вкаматување со годишна каматна стапка, односно го неутрализира влијанието на повеќекратното вкаматување.

Пропорционалната (ефективната) стапка на пресметка на камата тргнува од годишно ниво, односно таа е каматна стапка при годишно вкаматување.

Пропорционалната метода на пресметка на камата се користи кај пресметувањето на каматата на кредитите.

**Начин на пресметка на казнената камата**

Пресметката на казнената камата се врши со примена на декурзивен едноставен каматен метод на стасаната главнината, без додавање на казнената камата на главнината.

Кога пресметката на казнената камата се врши за пресметковен период подолг од една година, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на

главнината, стапката на казнената камата и бројот на годините на задоцнување ќе се подели со бројот **100.**

Кога пресметката на казнената камата се врши  за пресметковен период покус од една година, износот на долгуваната казнена камата се добива така што производот добиен со множење на главнината, стапката на казнената камата и бројот на денови на задоцнување се подели со бројот **36.500,** односно со бројот **36.600** кога годината е престапна.

Пресметката на казнената камата кај задоцнувањето во исполнувањето на обврските по основ на ануитетска отплата кај кредитите се врши по истек на календарски месец од датумот наведен – пресметан во амортизациониот план или со делумна или целосна отплата на кредитот.

### *5. Надоместоци во работењето со кредити*

| | | |
|---|---|---|
| *1.* | Апликативен трошок за кредит со залог на девизи | **200** денари |
| *2.* | Апликативен трошок за кредит со хипотека | **500** денари |
| *3.* | Апликативен трошок за останати видови на кредити(со исклучок на кредит со залог на злато) | **500** денари |
| *4.* | Известување за достасани обврски СМС порака | 100 денари |
| *5.* | Прва писмена опомена за неуредно подмирување на достасаните обврски | **500** денари |
| *6.* | Прва писмена опомена за неуредно подмирување на достасаните обврски on line | 1000 |
| *7.* | Втора писмена опомена за неуредно подмирување на достасаните обврски | 1000 денари |
| *8.* | Втора писмена опомена за неуредно подмирување на достасаните обврски on line | 2000 денари |
| *9.* | Писмено известување до жирантите | **500** денари од жирант |
| 10. | Трета писмена опомена за неуредно подмирување на достасаните обврски on line | 3000 денари |
| 11. | Писмена опомена пред отпочнување на судска постапка или постапка за наплата преку извршител | **3**000 денари |
| 12. | Писмена опомена пред отпочнување на судска постапка или постапка за наплата преку извршител on line - редовен | 5000 денари |
| 13. | Писмена опомена пред отпочнување на судска постапка или постапка за наплата преку извршител on line - сомнителен | 3000 денари |
| 14. | Предвремена делумна отплата на кредитот за физички лица | Без надомест |
| 15. | Предвремена целосна отплата на кредитот за физички лица | Без надомест |
| 16. | Предвремена целосна отплата на кредити обезбедени со залог: хипотека, автомобил, злато | **3%** од износот на недостасаната главница |
| 17. | Известување за вкупни обврски по кредит | *Без надомест* |
| 18. | Изработка на препис, копија или издавање на разни потврди на комитентите | Без надомест |
| 19. | Исплата на средства од одобрен кредит и пренос во друга банка или штедилница по налог на кредитокорисникот | Без надомест |
| 20. | Исплата на средства од одобрен кредит во готово | 2% |
| 21. | Исплата на кредит на трансакциска сметка на кредитокорисникот | Без надомест |
| 22. | Рефинансирање на обврски на кредитокорисникот кон други банки | 5% од вкупниот износ на обврски |
| 23. | Проверка на кредитна историја на кредитокорисникот | 350 денари |
| 24. | Провизија за управување на кредит | 0,4% месечно |
| 25. | Провизија за Пресметка на ликвидација на кредит од и (3) три месеци | 5000 денари |
| 26. | Провизија за Пресметка на ликвидација на кредит од и (4) четврти до и (6)шест месеци | 1000 денари |
| 27. | Провизија за Пресметка на ликвидација на кредит над (6) шест месеци | 600 денари |
| 28. | Провизија за Потврда на ликвидација на кредит | 600 денари |

**НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ ВО РАБОТЕЊЕТО СО ГРАЃАНИТЕ**

**КРЕДИТИРАЊЕ** - Општо

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Промена на рокот на отплата на кредитот | 0,50% од износот на недостасана главница |
| 2. | Проценка на вредност на злато | 500 денари |
| 3. | Проценка на имот | Согласно со тарифникот на проценителот |
| 4. | Запишување на хипотека на недвижност и ставање под залог движен имот | Според тарифник на нотар на трошок на кредитокорисникот |
| 5. | Промена на жирантот | 800 денари |
| 6. | Промена на недвижноста заложена во ФД | 1% од износот на недостасана главница |
| 7. | Останати промени за договорените услови за кредит - залог | Законски – без провизија, договорни 0,5% од главницата |
| 8. | Изработка на каматни листи | 500 денари |
| 9. | Посебно побарување за извод и промет за состојбата на затворен кредит од минати години | 500 денари ( се наплаќа со поднесување на барањето) |
| 10. | Изработка на кредитни анализи | 800 денари |
| 11. | Потврда за целосна отплата на затворен кредит од минати години | 200 денари |
| 12. | Проверка на кредитна историја | 350 денари |

Финансиско друштво ЕУРО МК ДОО Скопје
Управител

______________________

( Весна Прчковска)

**Останати одредби**

1. Надоместоците се наплатуваат во моментот на извршување на услугата, а трошоците во моментот на настанување или сознавање за нивното настанување.
2. За услугите кои не се предвидени со тарифникот, се утврдуваат со Договор со комитентот.
3. Измените и доплнувањата, како и висината на надоместоците ги одредува Управата на ФД. Во однос на кредитното работење со граѓани одредбите од овој тарифник се применуваат, доколку со договорот за кредит не е поинаку договорено.

***6. Преодни и завршни одредби***

Одлуката е со важност од 03.07.2023 година.

***Управител***

__________________________

***(Весна Прчковска)***